ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000   Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000   Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1565/22**
Дата: **25/10/2022**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **21/11/2022**

**До:**
e- mail
Број на страни:4+

| | |
|---|---|
| X | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за изработка на техничка документација од основни проекти и ревизија на истите за стабилни системи за ПП заштита на локации во ОКТА, согласно проектната задача и техничката документација која ќе Ви биде доставена по Вашата потврда за учество на тендерот.

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите:

tveljanovski@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

**најдоцна до 03.11.2022.**

При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.

**Проектната задача како и целокупната техничка документација, ќе Ви биде доставена по добиената потврда за вашето учество, на горната е-пошта.**

**Посета на објектите во ОКТА**

Во периодот на изготвување на понуда, Понудувачите **препорачливо е** да ги посетат објектите на ОКТА како визуелно би се запознале со локациите за кои се врши проектирање, предмет на ова Барање понуда.

Во име на ОКТА, лице за контакт за договарање термин за посета, и за евентуални технички прашања е:

- **Виктор Ананиев** (мобилен телефон +389 75 343 471)

## 1. ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1565/22"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД-Скопје
ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци - Општина Илинден
ПО. Box 66, 1000 Скопје

**Рокот за поднесување на понудата во архивата на ОКТА е најдоцна до 21.11.2022.**

Понудите испратени по пошта ќе бидат валидни, доколку датумот на прием во пошта не е после датумот наведен како краен рок за доставување понуда.

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени **два затворени** коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

### 1.1. Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:

- А лиценца за проектирање на ваков вид на техничка документација ( да се достави копија)
- Копија од овластувања за најмалку 4 вработени проектанти со А овластување за проектирање на машински, архитектонски, електро и инсталации за ППЗ.( Потребно е најмалку по една А лиценца за скоја од наведените области).

(Во колку за некоја од наведените области потребно е да ангажира надворешен соработник, понудувачот потребно е да достави и договор за деловна соработка на конкретниот проект како и соодветна лиценца А за проектирање).
**Понудувачите кои ќе поднесат понуда самостојно, а ќе се појават и како подизведувачи во понуда на друг понудувач, ќе бидат дисквалификувани.**

- Назив на фирмата Ревидент и нејзина лиценца А за ревизија ( да се достави копија од лиценцата и потпишан договор за деловно техничка соработка за конкретниот проект).
- Понудувачот проектант треба да достави референтна листа за најмалку 3 слични проекти - претакалишта за нафтени деривати и придружни пумпни станици. (Да достави потпишана изјава за изработка на истите и контакт телефон од Нарачателот).
- Технички опис на противпожарното процесно решение за секој од објектите, како и општа шема на текот на процесот (FF process flow diagram), за секој објект.

**Забелешка:**

По завршување на тендерската постапка, и потпишување на договор со избраната компанија, изработената проектната документација заедно со ревизијата и сите останати документите потребни за добивање на неопходните дозволи за градење на предметните инсталации до соодветните Министерства и јавни институции ги поднесува ОКТА. Компанијата која што ќе ја изработи проектната документација ќе треба да обезбеди активна поддршка во смисла на одговори на евентуалните прашања кои би произлегле при самиот процес на добивање на дозволите.

### 1.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се доставaт:

| ОПИС НА АКТИВНОСТ | Цена во МКД |
|---|---|
| Проект за заштита од пожар кој ќе ги дефинира потребните инсталации и начин на функционирање на стабилните системи за противпожарна заштита на предметните објекти. Ќе бидат вклучени, оптоварувањето, потребните количини на вода и средство за гасење, хидраулични пресметки за вода и средството за гасење, дефинирање и спецификација на млазници и друга потребна опрема, дефинирање и спецификација на системот за детектирање и активирање на стабилниот систем за противпожарна заштита итн. | |
| Основен машински проект. | |
| Основен електро проект за напојување на новопредвидените инсталации и опрема за ПП заштита. | |
| Основен проект за мерење и регулација (систем за детектирање и активирање на противпожарните системи). | |
| Основен градежен проект со кој ќе бидат опфатени сите градежни работи за реализација на Стабилни системи за ПП заштита со водена пена на предметните објекти. | |
| Останати проекти кои се потребни согласно законската регулатива, а не се спомнати во претходните точки. | |
| Предмер-пресметка со трошковник за секој од објектите посебно со ниво на точност ИИ, согласно Меѓународните Препорачани Пракси, како на пример ААЦЕ. | |
| Изработка на Ревизија на Основните проекти наведени погоре. | |

## 2. ТЕНДЕРСКА ПРОЦЕДУРА– ДОДЕЛУВАЊЕ

Сите понуди ќе се третираат како строго доверливи.

### 2.1 Евалуација на техничките понуди

Во првата фаза се проверуваат придружните документи (технички), поднесени од учесниците за да се потврди усогласеноста со техничките барања.
ОКТА АД го задржува правото да побара од понудувачите да доставаат дополнителни документи. Доколку соодветните придружни документи не се доставуваат навремено, ОКТА АД го задржува правото да ја одбие соодветната понуда.
За време на процесот на евалуација на понудата, од понудувачите може да се побара да одговорат на прашања и да дадат дополнителни информации за нивната понуда. Понудувачите ќе треба писмено да одговорат најдоцна во рок од три (3) работни дена од денот на приемот на прашањето; во спротивно, ОКТА АД го задржува правото да ги одбие понудите на понудувачите кои не одговориле навреме.

### 2.2 Евалуација на финансиските понуди

Сите понуди кои што не се во согласност со условите на ова Барање за понуда може да бидат одбиени и нивниот плик со финансиската понуда ќе остане запечатен.

## 3. ВАЖНОСТ НА ПОНУДИТЕ:

Понудата треба да е со важност најмалку три (3) месеци крајниот рок за доставување на понуди.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

- Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ. **(Понуди во друга валута нема да се разгледуваат)**.
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги доставaт само писмено (по електронска пошта). ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
- ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Тони Вељановски

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски